РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-5054/4
19-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на шестата седница одржана на ден 10.06.2024 година донесе

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-5054/1 од 15.11.2022 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5054/1 од 15.11.2022 година.
Предметот со број 08-5054/1 од 15.11.2022 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот број 08-5054/1 од 15.11.2022 година е оформен по сопствена иницијатива.
Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека лицето ____________________, во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на именување на функцијата член на управниот одбор на ______________________ не поднел анкетен лист до ДКСК.
ДКСК на ____________________ му издаде прекршочен платен налог број 08-3329/2 од 10.07.2023 година, за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Од страна на именуваниот, во законски утврдениот рок, е постапено по издадениот прекршочен платен налог, односно платена е половина од изречената глоба во истиот.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил:А.Ч. раководител на одделение

Одобрил: З.Б., заменик претседател на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr31, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930